


## ИЗРАЕЛ ВО СОСТАВ НА МАКЕДОНСКАТА ИМПЕРИЈА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

**Според голем број светски автори Александар Македонски (Александар Велики) бил брилијантен, човек со големи амбиции кој го освоил светот и ги проширил своето кралство и границата на Античка Македонија. Немилосрден, моќен и мистичен, Александар го урнал стариот поредок, ги продолжил и проширил идеите на неговиот татко Филип Македонски и создал нова светска држава, според своето сопствено убедување.**

Денес, ние Македонците, правдољубивите научници и реалниот свет сме сведоци на тоа дека одреден број земји, „потковани„ со ненаучни факти и невистини, а поддржани од некои глобални политики на одредени големи сили, за жал и голем страм сакаат да ни го одземат нашето минато, сегашност и иднина и да ја изменат античката македонска библиска и денешна историја, култура, религија, јазик и македонската вистина.

Често се поставуват прашањата: Од каде потекнува Александар Трети Македонски? Кој е Александар Велики? Какво е неговото потекло, образование, воспитание? На која нација му припаѓал? Кои беа неговите знаења, умеења, намери, погледи, постигнувања? Каков бил неговиот однос кон културите надвор од античката Македонска империја кон античките Елини-Грци и кон нивните градовите-држави (полисите), кон империите, кон глобалниот свет воопшто? Како тој станал најголем освојувач во целокупната историја на човештвото?

Многу прашања, многу одговори од илјадници научници, намерници и вљубеници на ликот и делото на Големиот Александар Трети Македонски, кој оставил вечни траги и за кој се напишани милиони страници од папируси до современи средства за информирање.

Тој ги отворил широко портите ние денешните Македонците да се запознаеме со нашето минато, а таа дејност да ја продолжат бројни интелектуалци, зошто во овој долг и богат со настани временски период, само два народа се нарекле Македонци: античките Македонци  и сегашните Македонци кои денес живеат на просторот на етничка Македонија и на сите континенти во светот.




Тој е херој во многу религиозни и световни дела во европскиот средновековен романтичарски период, квази-посветен човек во талмудската литература, Бог во Коптската црква на Египет, а и нов Ахил во грчката традиција Неговото персиско име Искандар, се уште предизвикува необични реакции кај некои народи кои се населени во пустите предели што се протегаат од Каспиското Море до горните притоки на реката Инд.

Секоја светост, за да остане трајно во ко-лек-тивното паметење и да биде вечна инспирација на новите генерации, мора, најпрвин, да биде осквер-навена. Храмот во Ерусалим бил разурнат од вавилонскиот крал Набу-кодоносор, а Евреите биле про-терани како робови во Вавилон. Оттогаш потекнува псалмот кој со текот на времето се претвора во зак-лет-ва. Тој гласи: *„Ако те заборавам Ерусалиме, нека ми се исуши десната рака, јазикот нека ми се залепи со непцето, ако те заборавам, ако ти, Ерусалиме, не ми бидеш најголема радост“* .

Во летописот на Ерусалим се наоѓа и Александар Македонски. Имено, Ерусалим бил освојуван од бројни воини, меѓу кои и од Александар Македонски. Ин-тересно е тоа што градот доживува значаен процут за времето на Александар Македонски, кој овде дошол во 332 година, пред новата ера, про-терувајќи ги оттука Персијците. Во неговото време, како и во времето на неговиот наследник Птоломеј, Ерусалим јакнел како религиозен центар и станал израз на духовната хармонија на Израелците.

Познато и потврдено е дека, походот на Александар Македонски против Персија бил успешен. Во неколкуте поголеми борби персиската војска била разбиена, а со тие територии загосподарил Александар Македонски. На тој начин и Евреите, кои дотогаш се наоѓале под власт на Персија потпаднале под власта на Македонија. Овој настан ја засегнал политичката и економската положба на еврејскиот народ и неговиот внатрешен живот, неговиот бит и обичаите, културата и, воопшто, целокупното живеење на еврејскиот народ.






**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**